РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

Бр.02-1003
5.11. 2013 г.
Скопје

До

**Деканите на факултетите на УКИМ**

Почитувани,

Ве известувам дека на **13. 11. 2013 година (среда)**, ќе се одржи спортско-рекреативен ден, 29. по ред есенска студентска планинарска тура „Водно 2013 година".

Традиционално, покровител на Планинарската тура е ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Оваа спортска активност се одржува по повод „13 Ноември" - Денот на ослободувањето на град Скопје.

Ве молам на овој ден да ги ослободите од редовните обврски студентите од прва година а по можност и останатите студенти од Вашиот факултет за да земат учество на планинарската тура.

Ве поканувам Вас со професорите и соработниците да ни се придружите и да земеме активно учество на оваа спортско-рекреативна манифестација.

На целта на Средно Водно е обезбеден чај а нашите колеги студенти од Факултетот за музичка уметност ќе организираат забава.

Планинарската тура е **со почеток во 10,00 часот,** од стартното место – Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија. Учесниците треба да бидат присутни пред ИЗИИС **во 9,30 часот.**

Со почит,

**Ректор**

**Проф. д-р Велимир Стојковски**

Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје, П.Ф. 576
Република Македонија
телефон +389 2 3293 293 факс +389 2 3293 202 ректор + 389 2 3293 200
www.ukim.edu.mk